Урбанизацијата како сложен и динамичен процес представува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија. При планирањето на долгорочниот просторен развој на градските населби се користат насоките и стратешките одредби на планските документи од повисоко ниво, како што се Просторниот план на Охридско- Преспанскиот регион од 1972 година, Просторниот план на Општина Охрид, Основниот урбанистички план за крајбрежниот простор на Охридско Езеро 1989 година, Национален парк "Галичица" – План за просторно уредување од 1987 година, односно поставките и насоките на Просторниот план на Република Македонија донесен 2004 година .

Согласно просторниот концепт на мрежата на центри врз база која е дефинирана содржината на функции и активности, насоки и интензитет на меѓусебната поврзаност, градот Охрид е рангиран во центар на мезорегион, (центрите на мезорегион: урбани населби со популациска големина 30.000 жители и поголема со значителна застапеност на централните функции, функции на општествен стандард и услуги на регионално ниво, висока концентрација на производни стопански капацитети, гравитациско влијание врз седум и повеќе општини) со што ***при изработката на просторните и урбанистичките планови се наложуваат определени обврски***:

- при изработката на урбанистичките планови површините за планирани урбани содржини треба да се бараат во рамките на постојното градежно земјиште, а исклучиво за општествено оправдани цели надвор од овие рамки на површини со бонитет над IV категорија;
- да се применат принципите на насочена урбанизација со што ќе се достигнат приближно еднакви услови на живеење и работа на целата територија;
- да се усогласат густината на населеност, изграденоста и катноста заради зачувување на принципите на хумано живеење, рационална експлоатација на просторот и урбаните содржини, а во согласност со сите видови на заштита на животната средина.
- квалитативно задоволување на потребите на населението согласно принципот стан за секое семејство, наголемување на просечната станбена површина по стан, подобрување на квалитетот и осовременување на станбениот фонд, елиминирање на субстандардниот станбен фонд, примена на асеизмички мерки. Норматив при планирањето на станбена површина по жител околу 20 м2 и станбена единица од 80-90 м2 по семејство

- да се овозможи дисперзија на капацитетите од јавните функции согласно со потребите на населението заради намалување на разликите на нивото на опременост со истите.
- планирање на зони за секундарно домување - викенд зони, земјоделски и други објекти само во оние подрачја кои со регионалните просторни планови се определени за таа намена;
- туристичките содржини треба да се планираат координирано и усогласено со насоките од Просторниот план и тоа задолжително надвор од подрачјето со зачувани природни вредности и заштитени делови на природата;

Насоки и препораки од плановите од повисоко ниво за областа на образованието во планскиот период се однесуваат на следното:

- предучилишно образование и воспитување се темели врз определбата за 60% опфатеност на деца од вкупниот број на старосната група до 6 годишна возраст. Норматив за површина на објектот е 6-8 м2/дете, и мин. 20 м2 по дете за површина на комплексот;
- основно образование е обврзувачко за сите деца во државата на возраст од 7-14 години, наставата да се одвива во една смена, површината на објектот да изнесува 6-8 м2 по ученик, а 25-30 м2 по ученик за комплексот на училиштето;
- средно насочено образование до 60% опфатеност на деца од старосната група 15-19 години, површината на објектот да изнесува 8 м2 по ученик, а површина на комплекс мин. 25 м2 по ученик.
- високо образование опфаќа 20% од старосната група младинци на возраст од 20-24 години.

Во областа на здравствените и социјални установи насоките се следни:

- болници се планираат со норматив 6-8 легла на 1.000 жители (со исклучок на специјалните болници), мин. 8 м2 по болничко легло за површина на објект и 80 м2 по легло за здравствениот комплекс;
- социјални установи за деца без родители и за стари лица - по 3 места на 1000 жители, мин. 15 м2 по корисник за површина на објектот и мин. 30 м2 по корисник за комплексот

Развојот на ***културните дејности*** предвидува постигнување на повисок степен на организација и искористеност на постојните капацитети на објектите од културата.

Препораки од Просторниот план на Републиката кои се однесуваат на ***културно - историското наследство:***

- сите просторни и урбанистички планови да го содржат просторниот аспект на заштита на недвижното културно наследство во активна, позитивна и афирмативна смисла независно дали се работи за поединечен објект или градителска средина како заедничко богатство на сите граѓани на Република Македонија.
- објектите и градителските целини да се вклопат во просторното и организационо ткиво на градот и населените места или пошироките

подрачја и да се потенцираат нивните историски, обликовни и естетски вредности.

Во Просторниот план на Републиката нагласени се ***стратешките цели за развојот на современата индустрија, виталниот сектор на услуги и високо продуктивното земјоделство:***

- да се утврдат можности за користење на работните зони преку внатрешна трансформација, модернизација и подобро користење на просторот и опремата, постапно дислоцирање на загадувачките дејности од населбите (особено во градовите со туристичко рекреативни вредности);
- надвор од градското подрачје треба да се определи зона неопходна за дислоцирање на одделни индустриски капацитети од градот и изградба на нови, главно преработувачки капацитети;
- урбаните центри распоредени во граничното подрачје на државата поставени на главните комуникациски правци (Гевгелија, Берово, Делчево, Дебар, Струга, Охрид) треба да остварат значаен развој преку непосредното поврзување со градовите и стопанствата во соседните држави;
- процесот на поинтензивно двонасочно функционално поврзување (во доменот на услуги, стопанство, туризам, вработување) да биде присутен кај урбаните населби Охрид - Струга;

Во доменот на инфраструктурата Просторниот план на Републиката предвидува:

- заедничко користење на просторот и синхронизирана изградба на инфраструктурните потези со единствени коридори дефинирани во просторните планови на општината (планиран далновод со јачина од 400 kv, навтовод АМБО и сл.;
- сообраќајни системи за рамномерно покривање на територијата, оптимална поврзаност со окружувањето, односно со околните општини;
- заедничко користење на изворишта за вода на поголем број корисници, односно изградба на регионални водоснабдителни системи и водостопански објекти;
- изградба на системи за долгорочно загревање во градските центри и поголемите населби како би се дефинирала стратегијата за идниот развој на енергетиката во Р. Македонија (планиран гасовод);
- регионални депонии за комунален отпад (во рамките на Охридско-Струшката гравитациона зона планирана е поширока зона на меѓата меѓу општините Струга и Велешта).

Согласно Номинацијата на Охридскиот регион во листата на светско културно и природно наследство УНЕСКО ***дефинирани се постулатите за заштита на природните и културните вредности на просторот на Охридскиот регион во процесот на планирање односно изработка на планска документација:***

- третман на регулирана заштита на природните простори во длабина од 300 до 1000 м во зависност од условите, рељефот и потенцијалните опасности од деградација

- регулиран и планиран развој и раст на постојните населби во приобалниот простор на езерото
- изградба на туристички населби долж обалата со ограничен и подреден квантум на туристичка понуда која не овозможува деградирање на вредностите на просторот
- принципи на урбанистичко и архитектонско уредување и обликување на населбите:
  - идентификуваните и валоризираните културни комплекси треба да се третираат како максимално интактни подрачја, нивна конзервација која нема да ги поремети нивните афтентични вредности
  - комплексна и концентрирана изградба на основа на претходно изградените и верифицираните планови и програми
  - целокупната изградба треба да биде само дополна на природните вредности на просторот со максимално избегнување на наметливо експонирање на архитектурата во него
  - чисто архитектонско обликување кое треба да биде резултат на функционалните содржини и лимитирачките услови, а на основа на изворните и традиционалните елементи карактеристични за архитектурата на подрачјето
  - Присуство на индустриски комплекси со чисто производство со висок степен на обработка и тоа само во градовите Охрид и Струга, надвор од литоралната зона
  - Посебен режим на земјоделство со ограничена и контролирана употреба на пестициди, хербициди и други хемиски сретства, со тенденција за нивно постепено елиминирање
  - Регулирање на водотеците како и пошумување на еродираните околни површини, како и деградираните шумски комплекси со цел заштита на езерото, збогатување на вегетацискиот фонд и подобрување на микроклимата
  - Забранета интродукција на алохтони видови флора и фауна во езерото
  - Дистанцирање на магистралните патишта и транзитните сообраќајници од зоната на езерото како и дислокација на туристичките патишта на високите изохипси подалеку од воденатa линија на езерото
  - Постепена елиминација на моторните возила во вода чија погонска снага е на нафтени деривати
  - Заштита на отпадни и загадени води, со нивно транспортирање и максимално пречистување (механичко, хемиско и биолошко), и нивно испуштање во Црн Дрим
  - Заштита на старото градско јадро на Охрид, конзервација и ревитализација, со цел зачувување на интегритетот на објектите и амбиенталните архитектонски вредности
  - Сукцесивна конзервација на најрепрезентативните сакрални споменици на културата во склоп на архитектурата и уметноста.

2. ПРИНЦИПИ НА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ СОГЛАСНО МЕЃУНАРОДНИ ПОВЕЛБИ И ДЕКЛАРАЦИИ

2.1. Меѓународни повелби и декларации со акцент врз одржливиот урбан развој

Според дефиницијата "одржливиот развој е оној кој ги задоволува потребите на сегашната генерација не загрозувајќи ја можноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби" Во таа смисла трите основни принципи на одржливиот развој представуваат:

принципот на внатрешната генерациска еднаквост се однесува на прашањето на сиромаштијата како основна причина за деградација на населбите и просторот. Одржливоста подразбира значително посериозна и порамномерна контрола на распределбата на ресурсите согласно заедничките потреби и тенденции, како и пошироко учество при утврдувањето на стратегија и политика за развој и заштита на окружувањето;

принципот за меѓугенерациска еднаквост подразбира дека при преземањето на каква и да е активност во просторот неопходно е да се согледаат влијанијата на капацитетите на идните генерации да ги задоволат своите потреби;

принципот на трансгранична одговорност значи глобална одговорност за животната средина. Ова се однесува како на експлоатација на ресурсите со влијание на глобалната клима или загадување, така и на пренесување на трошоците на средината преку границата на урбаното и административното подрачје. Тоа значи дека сите директни или индиректни ефекти на развојот се пренесуваат преку општинската, регионалната, државната или контитенталната граница каде "сметката" ја плаќа некој друг.

Според голем број автори и градовите представуваат закана врз животната средина и глобалниот екосистем. Со својот стил на живеење, поделбата на трудот и функциите и развојот на животниот стандард се одговорни за големите проблеми на животната средина. Ова одговорност е посебно голема во Европа каде 80% од населението живее во урбаните подрачја.

Во основата на Повелбата е содржана и свеста дека сегашното ниво на потрошувачката на ресурсите не можат да го достигнат сите денешни, а уште помалку идните жители без сериозно уништивање на природниот капитал. Заради тоа процесот на промената на стилот на живеење, производството, потрошувачката и уредувањето на просторот представува клучна задача на градовите на Европа.

Во Повелбата е дадена серија принципи на одржливиот развој меѓу кои треба да се истакнат следните кои се однесуваат на урбаните населби:

- одржливоста е креативен, локален процес кој навлегува во сите сфери на одлучувањето бидејќи градот представува органска целина во која ефектите на значајните активности мора да бидат јавни и, според тоа, одлуките за развој не претставуваат интерес само на денешните туку и на идните генерации;

- градовите не би смееле да ги префрлуваат своите проблеми во своето опкружување (просторна димензија), ниту да ги оставаат за иднината (временска димензија);
- дисперзија на функции во просторот која би придонела кон намалувањето на мобилноста на населението;
- преферирање на одржливоста на урбаниот стил на живеење со помалку сообраќај и приоритет на еколошки сигурни видови на сообраќај: пешачење, велосипедизам, јавен сообраќај и др.;
- поддршка за јакнење на локалната самоуправа и нејзината финансиска моќ;
- ефикасен пристап кон информациите и учество на граѓаните во процесот на одлучување што подразбира и образование за издржливоста како на граѓаните така и на представниците на управата;
- дефинирање и јакнење на инструментите на урбаниот развој кои ја овозможуваат издржливоста: урбанистичко планирање, планирање на животната средина, такси и даноци, учество на јавноста и др.;

Во сето тоа посебно е значаен развојот на демократските односи во градовите, заштита на бројните интереси во развојот и обновата на градовите, интеграција и партнерство во урбаната политика, транспарентност и сигурност во одлучувањето, за што е неопходно активно и одговорно ангажирање и на локалната и на државната управа.

2.2. УНЕСКО и Република Македонија

Најзначајната меѓународна декларација релевантна за планирање на просторот и градовите во регионот на Охридското Езеро е декларацијата што била доставена до УНЕСКО на 30. април 1997 година од страна на Република Македонија, со која државата го изразува своето настојување за успех во спроведувањето на 16-те конвенции и други договори на кои Македонија била потписник, вклучувајќи ја и Конвенцијата на светското наследство.

Декларацијата имала ретроактивно дејство и стапила на сила на 17. ноември 1991 година. На тој начин се обновиле односите со оваа значајна светска организација прекината со осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, до кога овие односи биле одржувани преку СФРЈ. Истата година, при официјалната посета на Република Македонија, генералниот директор на УНЕСКО и Министерот за култура на РМ потпишаа меморандум за соработка во чиј 17. параграф се вели:

- со техничка поддршка на УНЕСКО, Владата ќе ги подготви неопходните студии за изготвување нова пробна листа на целини / места прикладни за вклучување во листата на Светското наследство (Маркови Кули, Пелистерско Езеро, Галичица). Центарот на Светското наследство при УНЕСКО ќе соработува со релевантните субјекти за зајакнување на конзервацијата на целината од Светското наследство - **Охридскиот регион од културен и историски аспект и природната средина**, што беше вклучена во Листата на светското наследство во 1980 година.

Како прв чекор кон целосна имплементација на Конвенцијата за Светското наследство, Директорот на Центарот за Светското наследство на УНЕСКО во октомври 1997 година предложил да се организира мониторинг - мисија на единствената целина од Светското наследство - **Охридскиот регион од културен и историски аспект и природната средина.** Истата е реализирана во септември 1998 година.

2.2.1. Целина од Светското наследство - Охридскиот регион од културен и историски аспект и природната целина

Градот Охрид е една од најстарите населби во Европа која се развивала најмногу во периодот помеѓу 7. и 9. век, со еден од најстарите словенски манастири и со повеќе од 800 икони создавани од крајот на 11 до крајот на 14. век кои представуваат една од најзначајните колекции на светот. Во оваа целина од Светското наследство, покрај Охридското Езеро, се вклучени и просторите што го опкружуваат: дел од Националниот парк Галичица - тесниот крајбрежен појас помеѓу Охрид и Св. Наум, голем дел од урбанизираниот простор на Охрид и Струга и некои рурални предели.

2.2.2. Цел на Мисијата на УНЕСКО

Целта на Мисијата била:

- да ја утврди состојбата на оваа заштитена мешовита целина од аспект на социо - економската, политичката и инситуционалната реалност;
- да го идентифицира и процени начинот на пограничниот сообраќај во соработка со Албанија согласно заедничкото управување со водите на Охридското Езеро;
- да изврши преглед и на другите вредности на целината, особено во однос на водните богатства;
- да ја утврди можноста за меѓународна соработка во рамките на Конвенцијата на светското наследство или преку други механизми (на пр. Светската банка);
- да подготви целосен извештај за Комитетот за Светското наследство кој е разгледан на 22-то заседание (30. ноември - 5 декември 1998 година).

2.2.3. Резултат од Мисијата

Со оглед на карактеристиките на ова светско добро кое представува мешовита целина, се појавуваат низа сериозни проблеми во кои доминира пренаселеноста на регионот и зголемениот обем на туризмот, што е пропратено и со соответно интензивирање на сообраќајот. Посебен проблем е што делот на Охридското Езеро што и припаѓа на Албанија не е опфатен во Целината. Сепак, најсериозен е проблемот на управувањето со заштитената целина зашто не постои орган - субјект што е одговорен за целосно управување со целината. Во таа смисла и главната препорака на Мисијата е ургентното изготвување на нова законска регулатива бидејќи таа е еден од одредувачките фактори за заштита на културното добро и ќе придонесе за целосна, заедничка координација на интересите на заштитата на

спомениците и идните системи на планирање. Тимот на мисијата ги посочува следните препораки:

Изготвување на LEX SPECIALIS за Заштита на целата целина на Светското културно наследство во кој би се поврзале мерките за заштита на културното и природното наследство;

Државата преку новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање треба да ги подготви и одобри: ПП на РМ, генералните и деталните урбанистички планови за Охрид и Струга и другите општини во кои се простира оваа целина. Со овие планови и нивната имплементација треба да се обезбедат конзервацијата и интегритетот на целината на Светското наследство;

Вклучување на Националниот парк Галичица во целината на Светското наследство за што постојат добри изгледи ако се исполнат определени критериуми и под услов да се ограничи постојано сечење на дрвја за комерцијални цели. Други пречки може да бидат постоечките и новопланираните ски - лифтови и тоа во деловите од паркот кои се пасишта. Освен тоа треба да се подготви и одобри детален план за уредување и управување со паркот;

Државата преку своите одговорни институции треба да направи актуелен и многу прегледен инвентар на спомениците;

Треба да се продолжи и интензивира соработката со Албанија во имплементацијата на Проектот за заштита на Охридското Езеро како и во врска со Меморандумот за разбирање потпишан помеѓу двете соседни држави во 1995 година.

Мисијата ќе препорача имплементација на овие препораки да биде поткрепена со меѓународна помош преку Фондот за Светско наследство.

2.2.4. Инплементација на Меморандумот за разбирање помеѓу двете држави Македонија и Албанија

За инплементацијата на Меморандум посочен од Мисијата на УНЕСКО се донесе билатерален договор помеѓу двете земји на 17 јуни 2004 година.

Во првиот член на **Договорот за заштита и одржлив развој на Охридското Езеро и неговиот слив** апострофирано е дека на Езерото треба да му се даде **целосен аспект** на Светско културно наследство од двете страни, односно организирање на мониторинг на единствена целина и од Македонска иод Албанска страна.

2005 година дојде до ратификација на овој договор од страна на двата Парламенти, со кое тој стапи на сила и почна да се реализира Меморандумот, со тоа што се формира **Заеднички Секретаријат** со седиште во Охрид.

Во процес е и формирање на **Заеднички Комитет** кој ќе биде највисоко политичко и консултативно тело со учество на Државната власт, Локалната власт и невладините организации.

За имплементирање на **Договорот за заштита и одржлив развој на Охридското Езеро и неговиот слив** како единствена целина, Владата на Република Албанија подготвува неопходни студии и документација која во почетокот на 2006 година треба да ја достави до УНЕСКО, па со нејзиното прифаќање ќе продолжи заедничката соработка.

3. ЦЕЛИ НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ НА ГРАДОТ ДО 2012 ГОДИНА - ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАДОТ

Од извршените опсежни анализи на постојната состојба на градот и на претходно донесените генерални урбанистички планови, а имајќи ги пред вид насоките и препораките за идниот развој на градот од плановите на повисоко ниво и принципите на просторниот развој согласно меѓународните повелби и декларации, произлегуваат следните цели на развојот на градот во планерскиот десетгодишен период - в сашност Програма за изработка на Генералниот план на градот Охрид 2002 - 2012:

Граници и територијална поделба

- да се во максимална мерка задржат постојните граници на градската територија во кои со поефикасно користење и рационализација на расположивиот простор ќе бидат задоволени и идните потреби на градот;
- од границите на опфатот на градот планирани со претходниот ОУП (ГУП) да се изземе населеното место Велгошти кое егзистира како населба со сопствена историја и идентитет;
- да се изземе шумата Бејбунар од рамките на ГУП;
- да се преиспита потребата од вклучување на приградската населба Чекоштина во рамките на ГУП;
- да се изврши нова административно - територијална поделба на градската територија на Урбани заедници која ќе кореспондира со територијалната поделба на урбани едници во поглед на границите, редниот број и местоположба (пример: Урбана Единица 1 - Стар град да биде Урбана заедница 1 - Стар Град), при што да се има пред вид дека бројот на урбани единици по ОУП од 1963 година бил 11, а бројот на Месни заедници според ОУП од 1989 година бил 17, што значи дека за шест Урбани заедници ќе треба да се определи нов број - покрај називот што веќе го имаат. Новата поделба на градот, откако ќе се донесе овој ГУП, ќе се применува и во локалната самоуправа, што е во склад со новиот Закон за локалната самоуправа (Сл. весник на РМ 5/2002 од 29.01.2002) со кој се налага да територијалната поделба на градот базира исклучиво врз Генералните урбанистички планови. Со тоа е ќе стави вон сила постојната поделба донесена уште во 1981 година која во секој поглед е застарена.

Домување

- покрај прифатената препорака од ПП на РМ дека за секое ново семејство треба да се планира нов стан со просечна површина од 20 м2 по член на семејство, односно 80 - 90 м2 по станбена единица,

потребно е да се предвидат и мерки за елиминирање на станбениот субстандард особено во деловите на градот со поголема фраквенција на туристите (Стар Град, Кошишта, Воска, Долна Влашка Мала);
- зоните покрај домувањето да се дополнат со нови содржини во зависност од положбата на просторот и опкружувањето, како и потребите на граѓаните со кои ќе се постигне повисок стандард на живеење и можност за создавање нови работни места;

Општествен стандард

основно образование

- планирање на новите основни училишта да биде примерено не само на бројот на ученици, туку и на можноста на општеството во планскиот период истите да бидат изградени, што значи дека е потребно да се определат приоритети во градбата, а да се резервираат простори за реализација во постпланскиот период;
- да се предвиди можност во рамките на парцелата на Основното музичко училиште да се изгради концертна дворана заради комплетирањето на образованието на учениците и одржувањето традиционални летни музички семинари;

средно образование

- постојните локации и објекти за основното и средното образование да се усогласат со важечките планерски и педагошки нормативи, односно да се прошират во соседните површини - доколку за тоа постојат услови;
- во рамките на парцелите на државното угостителско училиште и електромашинскиот училишен центар да се предвидат простори за изградба на простории и содржини во функција на обавување на наставниот процес, а во слободниот простор спортски игралишта и уредено зеленило;

високо образование

- да се предвиди можност во рамките на парцелата на Факултетот за туризам да се изградат објекти со содржини потребни за докомплетирање на наставниот процес, а во слободните простори да се уредат површини за рекреација;
- во студентскиот дом “Никола Карев“ да се испита можноста за зголемување на бројот на легла;

наука

- површината на комплексот на јавната научна установа Хидробиолошки завод да се зголеми така да се овозможи комплетирање на научно-истражувачкиот и едукациски процес како во изградени, така и во слободни површини ;

здравствена заштита

- да се определат локации за здравствени домови во склад со организацијата на здравствената заштита и планерските нормативи, а имајќи ги пред вид потребите и навиките на населението;

- да се утврдат реалните потреби на Јавната здравствена установа од слободни и изградени површини за Општата болница и да се определат границите на нејзината локација поради бојазноста да се исцрпат секакви можности за евентуалното проширување од интензивната градба во нејзиното непосредно опкружување;

детска заштита и социјални грижи

- за наредниот плански период, според анкетирањето во Мин. за социјала, нема потреба од зголемувањето на бројот на детските градинки, ниту за проширување на постојниот изграден и слободен простор;
- да се испита можноста за формирање детски градинки во "домашни услови" - практика широко применета во светот, со низа погодности од кои од планерски аспект најважниот е - рационализирање на потребниот простор;
- да се предвиди локација за дом за возрасни лица во склад со нормативите и социо-психолошката димензија на проблематиката, а дисперзирани низ просторот на градот повеќе клубови за стари лица;
- да се предвиди локација за групен дом за хендикепирани лица со дневни центри и стационар;

култура

- од областа на културата не постои потреба од нови простори и површини, а постојните многубројни објекти заслужуваат полно внимание и адекватно вклучување во организацијата на градот;

духовна култура

- сите објекти вброени во овој сегмент - верските објекти од сите вероисповеди - треба да добијат третман на особено важни содржини во организацијата на градот дотолку повеќе што се во најголем дел и споменици на култура;

Стопанство и специјална намена

примарен сектор

- површините на парцелите на стопанските субјекти од овој сектор, нивната местоположба, изградениот фонд и намената на објектите, без оглед на денешната нивна состојба и степен на ангажираност, се многу респектабилни и на планирањето на нивните идни активности мора да се посвети целосно внимание, особено на понатамошниот третман на оранжериите;
- постојните земјоделски површини во рамките на опфатот кои, в сушност, претставуваат неизградено градежно земјиште, да се настојува да се воведат во планираната намена;

секундарен сектор

- да се утврдат можности за користење на работните зони на големите стопански субјекти преку внатрешна трансформација, модернизација и подобро користење на просторот и опремата,

- надвор од градското подрачје треба да се определат зони за изградба на нови капацитети со разновидна намена и евенуалното дислоцирање на одделни стопански капацитети од градот при што да се дава предимство на простори со изградена инфраструктура и можност за поврзување со сообраќајните коридори;
- при определувањето на намената на работните зони да се овозможи оптимална флексибилност поради многу "тенката" граница помеѓу дејностите кои се обавуваат во примарниот, во секундарниот и во терцијарниот сектор;
- на постојната индивидуална станбена градба, во рамките на работните зони треба да и се овозможи изградба - доградба на деловен простор во рамките на сопствената парцела со што ке се постигне поголема рационалност на просторот, а ќе се оправда и, по потреба, легализира и индивидуалната станбена градба;

терцијарен сектор

- да се овозможи и поддржи пројавениот интерес за трансформација на станбен простор во хотелски простор особено во источното крајбрежје при што обврзно да се почитуваат нормативите за димензионирање на пропратните содржини во парцелата, посебно паркирањето и зеленилото;
- да се има пред вид трендот на настојувањата на хотелиерите за повишување на категориите на хотелските објекти и услуги и истиот да се поддржи, особено на Западното крајбрежје кое представува сеуште недоволно искористен потенцијал;
- капацитетите од комплементарната рецептива - одморалиштата и камповите во западното крајбрежје да се здобијат со повисок стандард особено во поглед на инфраструктурните системи;
- дисперзијата на угостителските локали низ територијата на градот во основа е базирана врз економската логика на побарувачката - фреквентните простори во центарот на градот и подцентрите, крајбрежните простори во градот и туристичките локалитети и понатака ќе бидат атрактивни за оваа намена;
- занаетчиските локали од традиционалните занаети сместени во потегот на Старата чаршија, главно во делот помеѓу првиот и вториот чинар, да се задржат како дејност и да им се додадат нови површини со цел да се одржат не само како места на кои нешто се произведува туку да се презентира начинот на кој некогаш се произведувале нештата. Овој тренд е исклучително присутен во најпознатите туристички места во целиот свет;
- во просторната организација на градот зоните за мало стопанство и сервиси се главно во северниот дел - долж улиците Железничка и 15. Корпус, јужно од ул. Железничка - источно и западно од Тумбата и северно од клучката на Булеварот Туристичка - по улицата која води кон месноста Алтанин Мост, а најзастапени во нив се складовите за продажба на разни видови стоки во кои доминираат градежните материјали, мебелот, огревното дрво и друга кабаста стока. Оваа поставка во основа е адекватна и на потребите на населението и на потребите на сопствениците на стопанските субјекти, така што во

понатамошниот планерски процес истата треба да се акцептира и дополни со површини за новите корисници;

Зеленило, спорт и рекреација

Јавно зеленило

- постојните површини со јавното зеленило да се како такви акцептираат во овој план, а да се планираат нови во сите зони наменети за домување, во сите зони со јавни содржини, а особено во зоните наменети за рекреација;
- да се негуваат постојните и да се предвидат нови дрвореди како забележителен пејсажен квалитет повеќе во урбаниот простор, што подразбира определување соответни профили на новите улици и реконструкција на постојните секаде каде што е можно;

Строго заштитена зона - Блатото Студенчишта

Општите цели за ревитализација и заштита на Блатото Студенчишта се следни:

- утврдување на начинот на користење и уредување на поширокиот простор и дефинирање на можностите за вклучување на природните потенцијали на овој предел во вкупниот развој на Охридското крајбрежје;
- дефинирање на режимот на управување со Блатото како природна реткост и феномен од витален интерес за заштита на Охридското Езеро;

Стратегија за реализација на општите цели:

- Проучување и прибирање релевантни научни информации за блатото Студенчишта (во глобални рамки, за да се утврди актуелната состојба на просторен опфат);
- Ревитализација и заштита на блатниот екосистем со утврдување на просторниот опфат и границите на блатото кое треба да биде под строга заштита;
- Утврдување на режимот на заштита на блатото и непосредната околина;
- Анализа на пределите меѓу градот Охрид и хотелскиот и рекреативен комплекс ГОРИЦА (потенцијали на средината, ограничувањата, потребите за развој и можностите за користење и активирање на целокупниот предел, плански насоки);
- Изработка на план на пределите (Landscape plan) за целиот комплекс;
- Утврдување на режимот на користење на комплексот;
- Изработка на урбанистички план на рекреативниот комплекс;
- Усогласување на интересите меѓу различните корисници на просторот, како што се: градот Охрид, Хидробиолошкиот институт, Капетанијата, Рибното претпријатие, Хотелските и угостителски комплекси, АРМ, приватните сопственици;
- Согледување на можностите комплексот да добие мултифункционална намена, имено: заштитна, научно-истражувачка, рекреативна, воспитно-образовна, стопанска со обезбедување соответен простор и режим за

строга заштита, контролирана заштита, простор за постојани истражувачки активности (на пример: со рекултивација на блатниот екосистем во опфат копј е оптимален за негово ефикасно функционирање; создавење на зоо парк во природа; утврдување на земјиштето и режимот на активности на Хидробиолошкиот институт, односно утврдување на просторот за научни и апликативни активности; утврдување на просторот наменет за рекреативни активности поврзани со спортско-рекреативниот комплекс на градот и со туристичко-рекреативната зона и утврдување на обемот и видот на активностите; утврдување на простор потребен за другите корисници како што се Капетанијата, АРМ; утврдување на заштитна зона кон регионалниот пат; утврдување на земјиште кое може да се користи како земјоделско; утврдување на можностите за градба и домување во овој простор; и др.)

- Набележаните активности треба да бидат раководени од страна на Министерството за животна средина И просторно планирање преку стручни тимови формирани специјално за секоја фаза од реализацијата на овој долгорочен проект;

Заштитно зеленило

- Заштитното зеленило јужно од гробиштата в сушност представува земјоделско земјиште кое е во функција, но во него да не се дозволи никаква градба со што ќе се обезбедува потребната дистанца помеѓу гробиштата и останалите градски зони.

Земјоделски површини во рамките на опфатот

- постојните поголеми површини во рамките на опфатот на градот кои се користат како земјоделско земјиште, а со урбанистички планови се определени за неземјоделска намена, да се здобијат со планираната содржина поради својата ниска рационалност и незначителните пејсажни квалитети. Нивната важност е во фактот што претставуваат “внатрешни просторни резерви “ со што се намалува потребата од проширување на постојната граница на опфатот на градот;

Спорт

Спортски терени

- полигонот за мали спортови во центарот на градот да ја задржи својата основна намена и да ја збогати со содржини кои се во функција на намената: забавен парк за деца, автодром, вртелешки и друго;
- фудбалското игралиште Грашница кое не ги задоволува пропишаните критериуми за димензии и пропратни простории за натпреварувачкиот спорт да се пренамени за фудбалско рекреативно игралиште со димензии 45x90 м и да се дополни со современи пропратни простории, пристапи, паркиралишта и уредени зелени површини, со што ќе се здобие со улогата спортски центар на западното градско крајбрежје. Спортско рекреативната површина да се прошири на источната страна и содржината да се надополни со водени спортови ;

Спортски објекти

- Спортската дворана во рамките на Спортскиот центар погодна е за организирање и одржување спортски натпревари на највисоко меѓународно ниво, но и за други видови масовни забавни или уметнички манифестации. Постојниот отворен пливачки базен во близина на салата да се покрие и да се спои со салата во еден интегрален спортски објект од највисока категорија;

Рекреација

- шеталиштето долж брегот на езерото од градското пристаниште, преку каналот Студенчишта и понатака кон туристичкиот локалитет Горица да се изгради и уреди со цел да се овозможат пешачки комуникации за куси, средни и долги прошетки во функција на одржување телесна кондиција, но и за лесни прошетки и забава.
- Плажите во западниот дел од градот - Грашница да се уредат според донесениот ДУП со што целото западно хотелско-туристичко крајбрежје значително ке го подобри својот вкупен квалитет;

Недвижно културно наследство - плански мерки за заштита

Концептот на организација на урбаната агломерација, од аспект на заштита на недвижното културно наследство треба да определи и утврди:

- зони за заштита на споменични целини и поединечни споменици, со диференциран режим на заштита;
- контактни зони (критичен периметар) за поединечни споменици, со кои се утврдува односот помеѓу старото и новото, со специфични услови за градба во одделни подзони;
- предлог за ревитализација на најзначајните споменички целини и споменички објекти, со предлози за нивното наменско користење и вклопување во просторната организација;
- резервирани зони за идни археолошки истражувања.

Заштита на животна средина - плански мерки за заштита

Систем за планирање

Реализацијата на целите утврдени Законот за животна средина, се остварува преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање на заштитата и унапредувањето на животната средина, развојот на заштитата и управувањето со животната средина се определува и се насочува, во согласност со вкупниот економски, општествен и културен развој на Република Македонија, при што приоритет се дава на мерките за заштита и унапредување на животната средина, во интерес на сегашните и на идните генерации.

Со системот за планирање се насочува и се усогласува реализирањето на економските, техничките, научните, образовните, организациските и на другите мерки и активности, како и на мерките за спроведување на обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори, со цел да се заштити и унапреди животната средина и да се обезбеди одржлив развој.

- Управувањето со животната средина е сложен процес што има за задача да овозможи одржлив развој. Ресурсите што во Охридско-Преспанскиот регион имаат извонредно значење, како на локално / регионално, така и национално значење се пред се ресурсите на езерата посматрани како сливни подрачја, заштитените подрачја со извонредни природни потенцијали, шумските предели на планините и квалитетното земјоделско земјиште.
- Интегралната заштита во сливовите на езерата е основна цел при управувањето со животната средина. Конфликтите помеѓу различни функции и намена на користењето на земјиштето и активности што се евидентни (концентрација на услуги и лесна индустрија покрај регионалните и магистралните патишта, несоодветно зонирање на туристички објекти покрај езерата и недоволно користење на овие капацитети, појава на несоодветно депонирање на отпад, проблемите со ерозивниот нанос од река Сатеска, неконтролирањето на испуштање и др.) ќе бидат предмет на планска документација од понизок вид, пејсажни планови или физибилити студии, при што претходно наведените анализи ќе бидат база за разрешување на овие конфликти.

Заштита на природното богатство - плански мерки за заштита

Заштита на природното богатство согласно Законот за заштита на природата базира на следните начела: Начело за висок степен на заштита, Начело на интегрираност, Начело на одржлив развој, Начело на претпазливост, Начело на превенција, Начело корисникот плаќа, Начело учество на јавноста и Начело на соработка.

Оценката на влијанието врз природата од определени стратегии, планови и програми, претставува клучен механизам во заштитата на природата.

Уредувањето и користењето на просторот се спроведува во согласност со просторните и урбанистичките планови, услови, мерки и активностите за заштита на природата.

- Заштита на природата се остварува преку спровдување на мерки и активности за зштита на природата, одржливо користење на природните богатства и планирањето и уредувањето на просторот.
- За избраните и разврстените подрачја и објекти во заштитени групи изработени се рамковни предлози на режими на заштита. Режимот за заштитените подрачја или објекти претставува список или опис на сите дозволени, условно можни и недозволени зафати, кои можат посредно или непоштедно да влијаат на состојбата на заштитеното подрачје или објект
- Систем на заштита на подрачјата се воспоставува заради заштита на биолошката разновидност во рамките на природните живеалишта, процесите кои се случуваат во природата, како и абиотичките карактеристики и пределската разновидност. Со прогласувањето на подрачјето за заштитено, се стекнува со статус на природно наследство
- За заштитените подрачја со претходниот Закон за заштита на природните реткости и со новиот Закон за заштита на природата се

предвидени четири степени на режим на заштита, кои се градирани во однос на строгоста на заштитните потфати:
зона за строга заштита
зона за активно управување
зона за одржливо користење
заштитен појас

Сообраќаен систем

- сообраќајниот систем на градот да се прилагоди на планираниот систем на магистрални и регионални сообраќајници во овој дел од државата, со посебен акцент на сообраќајна поврзаност со Струга и со крајбрежјето на езерото;
- од сообраќајниот систем на градот планиран со претходниот ОУП елиминира категоријата **експресни сообраќајници**, а во врска со тоа и диспозицијата на нивните коридори;
- во сообраќајниот систем на градот да се преиспитаат трасите и коридорите на **магистралните улици**;
- да се преиспитаат и утврдат причините поради кои не се реализирани некои од **собирните улици** (Прв градски ринг, Нова собирна - во западниот дел на градот, две Нови собирни - во северниот дел на градот) и да се оцени реалноста од нивното понатамошно третирање како дел од уличниот систем;
- да се преиспитаат планираните коридори на сите улици од примарната мрежа и да се прилагодат на реалните потреби и можности за нивната реализација во овој планерски период;
- сервисните улици да се третираат како дел од примарната улична мрежа имајќи ја пред вид нивната улога во формирањето на урбани блокови или урбани модули - основни просторни целини во организацијата на градот. Нивните траси и профили да не се обврзувачки при изработката на деталните урбанистички планови;
- да се преиспита оправданоста од локацијата на автобускиот терминал во центарот на градот и да се даде анализа на алтернативни нови локации за оваа намена;
- да се предложат јавни паркиралишта во простори со голема концентрација на корисници, со можност за нивното двонаменско користење во периоди од годината со помала сообраќајна фреквенција;
- при предвидување на нови бензински станици да се има пред вид и отстрани нерамномерната просторна диспозиција на постојните;
- да се предложат оквирни локации за катни јавни гаражи кои ќе се утврдат со деталните урбанистички планови;
- паркиралишта за тешки товарни возила да се предвидат на главните сообраќајни пристапи кон градот или во рамките на територијата на градот во непосредна близина на магистралните улици, сообраќајно добро поврзани со истите;
- во интерес на заштитата на квалитетот на водата во езерото во планскиот период да се настојува на замената на погонско гориво од нафтени деривати со еколошки неопасни современи видови горива за пловните објекти (чамци, глисери, бродови)

II. ПРОГРАМСКИ ПОСТАВКИ НА ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ГРАДОТ

1. ПРИРОДНИ ПОГОДНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА КАКО ФАКТОР НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ПРОСТОРОТ НА ГРАДОТ

Валоризацијата на природните карактеристики, нивните погодности и ограничувачки фактори представуваат појдовна основа на планирањето на просторот. Во Документационата основа на планот анализирани се и валоризирани цела низа природни карактеристики, а заедничко за сите е што ниту една од нив не представува фактор на ограничување на просторниот развој на градот, но секако имаат влијание врз некои негови аспекти. Исклучок претставуваат изворите на брдото Бејбунар, регулацијата на површинските води, заштитените природни реткости – блато Студенчишта и националниот парк Галичица.

- **Релјефот, пејсажот и вегетацијата**

Градот лежи на рамен терен и на две карактеристични возвишенија - ридови на кои е Стариот град, а во последните децении се освојуваат и подножјата на планината Петрино - населбите Рача и Бејбунар. Посебно доживување е глетката на поширокото опкружување на градот: питорескните силуети на Галичица и Мокра Планина и нивните отсликувања во сините води на бисерното езеро - слика на која не може и не треба ништо да се додаде, а никако да се одземе, зашто таа слика е вечна...

- **Геолошките и педолошките карактеристики**

Геолошкиот состав на почвата не секогаш овозможува класични начини на фундирање: високото ниво на подземните води во пониските делови од градот и нестабилни милести почви во крајбрежјето и по тековите на некогашните мали водотеци, денес затрупани, бараат дополнителен стручен ангажман како на планерите на просторот, така и на проектантите на конструкцијата на планираните објекти.

Во Охридското Поле главно се сретнуваат три вида почви: дилувијални, алувијални и калливи, а педолошкиот состав на почвата на територијата на градското подрачје е главно на база на влажните алувијални и калливи почви. Калливите почви настануваат како последица на високата подземна вода и при дождливиот период кога водите се задржуваат подолго, а се делат на минералогени и мочуришни. Најголема земјоделска вредност имаат влажните алувијални и минералогените калливи почви, а мочуришните почви во локалитетот Студенчишта создаваат особен еко систем чија заштита претставува императив на само за градот Охрид.

- **Сеизмолошките карактеристики**

Долината на реката Црн Дрим заедно со Охридското Езеро се смета за еден од сеизмички најактивните региони на Балканот, а во него поединисеизмички зони се познати и по катастрофални земјотреси. Тоа е и зоната на Охридското Езеро и крајбрежните терени. Во оваа зона со меридијален правец се наоѓаат и појави на сулфурни води и гасови кои доаѓаат од длабината на земјината кора. За период од последните стотина години сеизмички најактивни се јужното и источното крајбрежје на Охридската котлина, а интензитетот на

максимално очекуваните потреси е до 8 8 по МКС скалата, па дури и до 9 ??? по МКС скалата. Целокупната градба на територијата на регионот треба да биде прилагодена на овие сеизмолошки условија.

- **Климатските карактеристики**

Климата во Охридско - Струшкиот регион е изменето умерено - континентална, модифицирана во посебна клима на локалното подрачје со карактеристики условени од присуството на езерото: поконстантни температури со мали колебања и осцилации поради што летата се пријатни и топли со свежи ноќи, а зимите се студени , но слабо изразени, со исклучително ретки магливи денови, што е значајна компаративна предност во однос на голем дел од територијата на државата. Есента е потопла од пролетта и овозможува продолжување на летната туристичка сезона за најмалку еден месец. Особено освежување во жешките летни денови и вечери носи југозападниот ветар стрмец, додека северните ветрови уште повеќе ја снижуваат температурата во студениот дел од годината. Со еден збор - климатските фактори не представуваат ограничувачки фактор во развојот на градот, но треба да се почитуваат при микро лоцирањето на објектите во зоните определени со ГУП.

- **Хидрографските карактеристики**

Охридското езеро е во групата на Десаретските езера, а преку реката Црн Дрим му припаѓа на Јадранскиот слив. Со своите физиографски и биолошки карактеристики спаѓа во најатрактивните езера на светот. За билансот на водата во езерото од значење се бројните реки и рекички кои се вливаат во него, но и сублакустриските извори кои ја носат водата од порозниот варовнички масив на планината Галичица. Езерото има големи стопански потенцијали, но неговото значение во создавањето на идентитетот на целиот регион, а особено на градот Охрид, е немерливо. Реките Даљан и Рача представуваат природни граници на урбаното подрачје на градот од север и од југ, а реката Грашница во своето течение низ градската територија представува само отворен колектор на канализационите води поради што со досегашните урбанистички планови е предвидено нејзиното воведување во течението на Даљан со што ќе се елиминира загрозувањето на животната средина, а отпадните води ќе се воведат во колекторот.

- **Состојбата на животната средина**

може да се оцени како добра. Планираните инфраструктурни системи - регионалниот колектор за евакуација на отпадните води, регионалниот водоснабдителен систем, а особено проектот Заштита на Охридското езеро под патронат на Министерството за животна средина и просторно планирање се конкретни чекори кои општеството ги презема со цел да го заштити просторот на Охридско-Струшкиот регион. Освен тоа, постојат и напори за подигање на граѓанската свест преку широките акции за изготвување на локални еколошки акциони планови кои представуваат нов вид на поттикнување на акција со цел глобална заштита на животната средина.

2. ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ

Проекција на населението до 2020 година

Сознанијата за основните белези, структурните карактеристики и промени, како и динамиката на населението се неопходни при планирањето , односно урбаното организирање на населбите - како една од основните задачи на Генералниот урбанистички план.

Со помош на законитостите на демографскиот развој и утврдените тенденции и интензитетот на досегашните движења можат да се утврдат елементите за креирањето на политиката на развојот. Тоа се однесува на регулирањето на демографските текови врз процесот на урбанизација, подигање на општообразовно и културно ниво на населението, подобрување на демографско-економските белези (активитетот) и др.

Овие цели треба да се вградат во политиката на демографскиот развој кои заедно со комплементарните цели на стопанскиот и просторниот развој ќе се реализираат како определена стратегија. Во тој контекст се третираат и основните агрегати и структури на населението во овој елаборат. Согласно наведените цели и услови, дефинирани се клучните постулати при определувањето на предметните демографски структури и нивните промени. Имено, се претпоставува натамошен пораст на бројот на жители, подобрување на општостопанско ниво и други услови на општествениот и личниот стандард, подигнување на културно-образовното ниво на населението и др.
Проекција на населението и соответните структури е извршена со помош на компјутерската програма изработена од страна на агенцијата POPTECH - The Future Group International, Washington D.C. 1991. Резултатите на прогнозата се следни:

Вкупно население во градот Охрид

1994 година 41.146
